## Video contest: Y-PEER in Action!

Почитувани,

Y-PEER Македонија, гордо објавува дека во конкуренција на 26 сценарија на интернационалниот конкурс за кратки едукативно-промотивни спотови Македонија е селектирана за продуцирање на краток спот за промоција на здрави животни стилови и кревање на свеста за ХИВ/СИДА  меѓу младите луѓе.

Y-PEER Македонија е мрежа на невладини организации, дел од интернационалната мрежа на Y-PEER која е поддржана од УНФПА(Фондот за население на Обединети Нации) и во која се вклучени повеќе од 250 НВО и државни институции во повеќе од 35 земји во регионот на Југоисточна Европа, Северна Африка и Арапските Земји. Мрежата на Y-PEER спроведува пиер, врсничка едукација за подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје на младите. Најновите методи кои ги спроведува мрежата се театарски базираната едукација и медиумско презенентирање на теми поврзани со превенција на ХИВ/СИДА и здравствени права.

Снимањето на спотот се случуваше во неколку временски етапи, во изведба на продуцентската куќа" Контрабанда" и режија  на режисерот – Димитар Оровчанец.
Спотот ќе биде користен за едукативни цели и за сите промотивни активности на Y-PEER како и партнер-организациите меѓу кои се наоѓаат и атрактивното Ем-Ти-Ви (MTV), Dance4Life (главен промотер- DJ Tiesto), NiteStar, FHI…